Врз основа на член 73 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) и член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови (Службен весник на РСМ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на 16 јули 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Кадрији Аднан УП2 бр. 09-171/26 од 31 март 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1157620758 од 06.11.2025 за период 06.07.2021-17.10.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ УВАЖУВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1157620758 од 06.11.2025 за период 06.07.2021-17.10.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОНИШТУВА.

3. За период 06.07.2021-18.09.2025 да останат на сила редовните фактури кои веќе се подмирени од страна на подносителот на приговорот.

4. СЕ ЗАДОЛЖУВА ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје да издаде нова фактура за период 18.09.2025-17.10.2025 која ќе се изработи согласно просекот добиен од редовното читање.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Кадрији Аднан до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-171/26 од 31 март 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1157620758 од 06.11.2025 за период 06.07.2021-17.10.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје.

Според ЕВН ХОМЕ – сторнирана е фактурата со број 1157620758 (во која се фактурирани количини од демонтираното броило со број 12496416) и изготвена е нова коригирана фактура со број 1161897236 од 30.03.2026 за период 06.07.2021-17.10.2025 со процентуална распределба на регистрираната количина од демонтажа на броилото (прераспределбата на висока тарифа и ниска тарифа е процентуално извршена согласно процентот на распределба на двете тарифи од ново монтираното броило со број 010882525).

Платениот износ од сторнираните фактури е автоматски прекнижен во новоизготвените фактури, додека пак остатокот од фактурираниот износ, потребно е корисникот да го подмири согласно рокот за плаќање наведен во самата фактура за електрична енергија.

Претходно изготвената спогодба за фактурата со број 1157620758, е сторнирана.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 6 април 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-171/26 од 31 март 2026 година со прилог:

-Приговараната фактура

-Коригирана фактура 1161897236 од 30.03.2026 за период 06.07.2021-17.10.2025

-Приговор поднесен до ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје

На седницата се заклучи Електродистрибуција да достави Извештај за отчитани состојби на демонтираното броило и налогот при демонтирање/монтирање на броило, при што на 16 мај 2026 година е одговорено дека нема отчитување бидејќи броилото не мери исправно.

Потоа, приговорот повторно се разгледуваше на седница одржана на 20 април 2026 година и на седницата се заклучи Електродистрибуција да достави одговор на следните прашања:

-да се наведе прецизно месецот и датумот кога за последен пат е извршено читање на мерниот уред со физичко присуство на овластен читач од страна на операторот.

-достава на податоци за регистрираната состојба на мерниот уред при последното физичко читање, и тоа:
состојба во високата тарифа (Т1) и состојба во ниската тарифа (Т2)

-појаснување за дали од последното физичко читање на мерниот уред е изготвен Readout Report , и доколку постои, истиот да се достави на увид.

-достава на последната редовна фактура, изготвена согласно стандардната постапка за фактурирање за овој корисник, независно од тоа дали истата фактура подоцна е сторнирана.

На 7 мај 2026 година беше одговорено односно доставено следното:

- Последно физичко отчитување на броилото 012496416 е извршено при негова замена со ново АДД 010882525 (во прилог записник од замена на броило од датум 17.10.2025). Состојби на броилото 012496416 се Висока тарифа-27225kW и Ниска тарифа 9179kW од 17.10.2025.

- При промена на броилото на 17.10.2025 утврдена е поголема количина на kWh кои не се фактурирани. Првично изготвената корекциска фактура со број 1157620758 е сторнирана и изготвена е нова корекциска со број 1161897236 во која регистрираната количина до демонтажа на броило 012496416 (демонтирано 17.10.2025) се прераспределува на ВТ и НТ процентуално, согласно процентот на распределба на двете тарифи од броило 010882525 (новомонтирано 17.10.2025).

- Доставена фактура бр, 1157620758. Извештај за отчитани состојби од броило 012496416 од ден на демонтажа нема, а во прилог е доставен Извештај за отчитани состојби од 2021 година.

- Доставена последно изготвената фактура бр. 1162312909.

Потоа, на седница одржана на 4 мај 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше и на седницата се заклучи Електродистрибуција да достави одговор на следните прашања:

- дали демонтираното електрично броило било доставено на лабораториско испитување и техничка проверка со цел утврдување на неговата исправност и точност при мерењето? Доколку е извршено тестирање, потребно е да се достави копија од извештајот од лабораториското испитување, вклучително и констатираните резултати.

- дали е утврдена евентуална неисправност, отстапување во мерењето или техничка аномалија кај мерниот уред?

- информација за кога последен пат, пред демонтажата на броилото, било извршено физичко отчитување на состојбата од страна на овластен читач.

- информација за дали претходните состојби биле евидентирани врз основа на реално физичко читање или по пат на проценка/автоматско пресметување.

На 12 мај 2026 година беше доставен резултат од А-ТЕСТ на броилото и беше наведено дека предметното броило не мерело исправно и не може да се отчитаат состојби од внатрешната меморија, односно дека не располагаат со никакви податоци за отчитувањето.

На седница одржана на 14 мај 2026 година приговорот повторно се разгледуваше и Коригираната фактура бр. 1161897236 од 30.03.2026 за период 06.07.2021-17.10.2025 да се прати до подносителот на приговорот да се произнесе за дали приговара на истата, но до денот на одржување на оваа седница не е доставен одговор.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека се работи за нередовно отчитување, не се доставени комплетни податоци и оттука не постои Извештај од а-тест од броилото односно постојат само проценки за потрошената електрична енергија.

Исто така, по демонтажа на броилото на 17.10.2025, видно од наодот од тестирањето на броилото е дека броилото не ја мери правилно потрошувачката на електрична енергија.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди дека треба на подносителот на приговорот за последната редовна фактура до датумот на демонтажа на броилото, поточно 17.10.2025, да му се пресмета потрошената електрична енергија според просекот на податоците од кога имало редовно читање со физичко присуство, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–171/26**
**16 јули 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**